# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ЕРГОНОМИЈА“ ОД АВТОРИТЕ ДОЦЕНТ Д-Р МАРИЈА ХАЏИ-НИКОЛОВА И ПРОФ. Д-Р ДЕЈАН МИРАКОВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1702-287/17 од 22.10.2015 донесена на 18. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки, одржана на 22.10.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Тодор Делипетров, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;
– проф. д-р Симеон Симеонов, Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ ЕРГОНОМИЈА“** од **доц. д-р Марија Хаџи-Николова и проф. д-р Дејан Мираковски,** наменета за студентите на прв циклус студии на Факултет за природни и технички науки и на Машински факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Доставениот ракопис целосно ја покрива Наставната програма по предметот Ергономија на Факултет за природни и технички науки и на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“. Предметот за којшто е наменета скриптата се слуша во втора година во трети семестар на насоката Дизајн и технологија на мебел и ентериер на студиската програма Архитектура и дизајн на Факултет за природни и технички науки и на насоките Производно машинство и Транспорт, организација и логистика на Машински факултет, со неделен фонд на часови 2+2+1. Ракописот овозможува запознавање на студентите со ергономското дизајнирање на машините, уредите и предметите кои се користат во работата и секојдневното живеење, со цел олеснување на работата и условите за живеење.

Материјалот е изложен прегледно и концизно, со низа слики и табели што овозможува полесно да се разбере и усвои од страна на студентите.

Текстот содржи 200 страници групирани во 9 поглавја и тоа:

1. Вовед во ергономијата;
2. Систем човек-машина;
3. Теорија на информации во ергономијата;
4. Дизајнирање на врските помеѓу човекот и машината;
   4.1. Дизајнирање на сигналните уреди;
   4.2. Дизајнирање на командните уреди;
5. Дизајнирање на работниот простор и методите за работа;
6. Осветлувањето како физички фактор за дизајнирање на работниот простор и просторот за живеење;
7. Бучавата како физички фактор за дизајнирање на работниот простор и просторот за живеење;
8. Термален комфор во просториите;
9. Влијание на технолошките промени на работата и начинот на живеење.

Во првото поглавје авторите даваат краток вовед за целите и предметот на изучување на ергономијата како научна дисциплина и потесно подрачје од заштитата при работа и нејзиниот историски развој. Во второто поглавје е дадена дефиниција на системот човек-машина и распределбата на функциите помеѓу човекот и машината. Третото поглавје дава осврт на теоријата на информации, начините на правилно кодирање на информациите со цел побрза и полесна комуникација помеѓу човекот и уредите. Во четвртото поглавје е даден преглед на ергономското дизајнирање на сигналните уреди, како уреди за известување, односно уреди преку кои машината испраќа информации до човекот и ергономското дизајнирање на командните уреди или уредите за управување, преку кои човекот управува со работата на машината. Петтото поглавје дава преглед на ергономското дизајнирање на работниот простор, методите за работа, со посебен осврт на значењето на антропометријата и нејзиното значење за ергономското дизајнирање на предметите. Во шестото поглавје е опишано значењето на осветлувањето како физички фактор за дизајнирање на работниот простор и просторот за живеење. Седмото поглавје се осврнува на значењето на бучавата како физички фактор во работната средина и секојдневниот живот, како и мерките за намалување на нивото на бучавата на работното место, а даден е и преглед на мерките за акустична изолација на просторот за живеење. Во осмото поглавје се опишани основните фактори и индекси кои го определуваат т.н. термален комфор или топлинска удобност во работните простории и просториите за живеење. На крај во деветтото поглавје е даден преглед на влијанието на употребата на компјутерите во работата и секојдневното живеење, автоматизирањето на технолошките процеси и влијанието на оваа технолошка револуција врз луѓето.

Овој ракопис по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

## ЗАКЛУЧОК

Имајќи го предвид изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип со задоволство му препорачуваме ракописот „Скрипта по предметот Ергономија" од авторите доц. д-р Марија Хаџи-Николова и проф. д-р Дејан Мираковски да го прифати како скрипта по истоимениот предмет.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Тодор Делипетров, редовен проф., с.р.**
**Д-р Симеон Симеонов, вонреден проф., с.р.**